**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**
**В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А**
**„Генерал Михаило Апостолски“ Скопје**
**- придружна членка -**

# Б И Л Т Е Н

## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

# 58

**22 октомври 2012 година**
**Скопје**

# С О Д Р Ж И Н А


1. За избор на наставник во насловно звање во научното подрачје: техничко-технолошки науки, научно поле: воено-технички науки, во областа на воени и воено-специјалистички предмети: детекција и дозиметрија на радиоактивно зрачење на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје придружна членка на универзитетот „Гоце Делчев" во Штип 1104
2. Реферат за избор на наставник во насловно звање во научно подрачје – општествени науки, научно поле: одбрана, научна област: цивилна заштита, по предметот: заштита и спасување на животни, растенија и материјални добра и асанација на терен на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје придружна членка на универзитетот „Гоце Делчев" во Штип 1113

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: ВОЕНО-ТЕХНИЧКИ НАУКИ, ВО ОБЛАСТА НА ВОЕНИ И ВОЕНО-СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ПРЕДМЕТИ: ДЕТЕКЦИЈА И ДОЗИМЕТРИЈА НА РАДИОАКТИВНО ЗРАЧЕЊЕ**

Со одлука бр. 03-18/220 од 05.07.2012 година, Наставно-научниот совет на воената академија „генерал михаило апостолски" скопје нè избра за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање во научно подрачје: *техничко-технолошки науки,* научно поле: *воено-технички науки,* во областа на воени и воено-специјалистички предмети: *детекција и дозиметрија на радиоактивно зрачење.*

На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 22.06.2012 година за избор на еден наставник во насловно звање во наведеното научно подрачје, се пријавија 2 кандидат и тоа:

1. Д-р Зденка Стојановска, доцент во наставно-научната област биофизика и оптика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип;
2. М-р сци. Бранко Каровски, потполковник, началник на Одделение за хигиена во Воено-медицинскиот центар Скопје.

По прегледот на конкурсните материјали од пријавените кандидати, го доставуваме следниот,

**И З В Е Ш Т А Ј**

Двајцата кандидати со пријавите доставиле и документи од кои се гледа дека ги задоволуваат конкурсните услови.

**1. Д-р Зденка Стојановска**

**I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатката д-р Зденка Стојановска е родена на 18.06.1968 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во родното место. Во 1993 година дипломирала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група физика. Во 2005 година завршила специјализација по медицинска нуклеарна физика на Медицинскиот факултет во Скопје, а во 1997 година магистрирала на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 2010 година докторирала на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и се здобила со научно звање *доктор на физички науки.*

Својата професионална кариера ја започнала во 1997 година како професор по физика во средно училиште, каде работи до 2001 година. Потоа:

- од 2001 – 2002 година работи како физичар на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во Скопје;
- од 2002 – 2006 година, аналитичар во лабораторија за јавно здравје, Скопје;
- од 2007 – 2008 година, самостоен аналитичар во Институтот за јавно здравје, Скопје;
- во 2009 година, Началник на лабораторија за дозиметрија и јонизирачки зрачења во Институтот за јавно здравје, Скопје;
- од 2010 – 2011 година, Началник на лабораторија за радиоекологија во Институтот за јавно здравје, Скопје.

## II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Зденка Стојановска ги наведува следните активности на ова подрачје:

- од 2010 – 2011 година, насловен доцент во наставно-научната област *биофизика и оптика* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
- од 2011 година, доцент во наставно-научната област *биофизика и оптика* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

## III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на научно-истражувачката работа, досега кандидатката има објавено вкупно еден труд во домашно списание, пет трудови во зборници на симпозиуми, конференции и конгреси, четири научнопопуларни статии во стручно-методски списанија и осум предавања по покана:

### Трудови објавени во домашни и странски списанија со импакт фактор

1. Z. Stojanovska, D. Nedelkovski, M. Ristova, **Natural radioactivity and human exposure by raw materials and end product from cement industry used as building materials,** *Radiation measurement* 45, (2010), 969-972, (IF-1.019);
2. Z. Stojanovska, J. Januseski, P. Bossew, Z. S. Zunic, T. Tollefsen, M. Ristova, **Seasonal indoor radon concentration in FYR of Macedonia,** Radiation measurement 46, (2011), 602-610, (IF-1.019);
3. Z. Stojanovska, J. Januseski, B. Boev, M. Ristova, **Indoor exposure of population to radon in FYR of Macedonia,** *Radiation protection dosimetry* 148 (2), (2012), 162-167, (IF-0.966);

### Трудови и апстракти објавени во зборници

4. T. Boshkova, Z. Stojanovska, **Assessment of the self-attenuation corrections for cylindrical source with volume 150 cm$^3$ in gamma-ray spectrometry,** *17$^{th}$ National Scientific Symposium with international participation METROLOGY and METROLOGY ASSURANCE 2007* (415-420), September 10-14, 2007, Sozopol, Bulgaria;
5. Z. Stojanovska, **Estimation of the uncertainty budget in the gamma spectrometry analysis of the environmental samples,** *Proceedings of the First National Conference on Medical Physics* (91-99), Skopje, 23 and 24 November 2007;
6. Z. Stojanovska, D. Nedelkovski, **Initial investigation of the natural radioactivity in the soil in some locations in Macedonia from radiation protection point of view,** *Physica Macedonica* 58, (2008), 67-74;

7. Z. Stojanovska, D. Nedelkovski, J. Janusevski, **Radon concentration in ground dwellings in winter/spring season and dose assessment in the citizens of Skopje,** *Archives of Public Health* 1, (2009), 97-103;
8. Z. Stojanovska, J. Blazheska, V. Ivanovski, **Gamma spectrometry as an analitical method for investigation of radioactivity in soil,** *Workshop - "From Molecules to Functionalised Materials"-Cluj-Napoca, Romania,* October 2010, Book of Abstracts;
9. Z. Stojanovska, **Assessment of population exsposure to ionizing radiation in environment of the Republic of Macedonia (oral presentation),** *Industrial Hygiene, Environmental and Occupational Health,* Skopje, 24-25.02.2011;
10. Z. Stojanovska, **Results of radon measurements in Republic of Macedonia (oral presentation),** *Reducing risk from indoor radon: The role of bulding professionals,* Skopje, 12-13.October 2011;
11. Z. Stojanovska, B. Boev, M. Ristova, **Spatial Distribution of K, Th and U Elemental Concentrations in Soils of the Republic of Macedonia,** *Proceedings of the 1-st International workshop on the UNESCO-IGCP Project,* 2011, (53-62);
12. Z. Stojanovska, B. Boev, J. Januseski, M. Ristova, **Results of measurements of soil activity, soil gas and indoor radon concentrations in Prilep and Skopje,** *Proceedings of the 2. International workshop on the UNESCO-IGCP Project,* 2011, (73-78);
13. Z. Stojanovska, B. Boev, M. Ristova, **Spatial Distribution of 137Cs in the soils of the Republic of Macedonia,** *Proceedings of the 3. International workshop on the UNESCO-IGCP Project,* 2011, (77-83),
14. Z. Stojanovska, B. Boev, M. Ristova, Z. S. Zunic, Z. Curguz, J. Januseski, **Annual and seasonal variations of indoor radon concentration in Skopje (Republic of Macedonia),** *The first International conference on radiation and dosimetry in various fields of research proceedings,* Nis, Serbia, 25-27 April 2012, (251-254).

## Учество во научно-истражувачки проекти

1. Регионален проект RER/8/009: Air Pollution Monitoring in the Mediterranean Region (2005-2008)
2. Регионален проект RER/7/005: Providing Technical Support for Implementing Modern Approaches and Tools for the Assessment of Radiation Impact on Terrestrial and Freshwater Environments
3. Национален MAK/7/002: Environmental Monitoring of Radioactivity, Including a Nationwide Survey for Rn-222 and Rn-220 (2007-2010).

## Стручни престои во странсво

1. Japan Chemical Analysis Center, Tokyo, Japan, 19.08.-17.09.2004;
2. National Food Investigation Institute as IAEA Collaborating Centre, Budapest, Hungary, 24.09.-22.12.2006;
3. SARAD as International Atomic Energy Agency Collaborating Centre, Dresden, Germany, 01.04-01.05.2008.

## Рецензии

1. Рецензент на еден научен труд во списанието: Journal of Environmental Science and Health, Part A. Toxic/Hazardous Substances and Environmental Engineering.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| | | формула | формула | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Предавања | 4x1,5+2 | | 8 |
| 2 | Рецензент на научен труд | 1x2 | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | **10** |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 2x9<br>1x9x0,7 | | 24,3 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | 5x1 | 6x2 | 17 |
| 3 | Студиски престој во странство | | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | **49,3** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | |
| 1 | Одбранета докторска теза | 1x8 | | 8 |
| 2 | Учесник во проекти | 1x2 | 2x3 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | **16** |
| | **ВКУПНО** | | | **75,3** |

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на податоците за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на д-р Зденка Стојановска, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката има завршено Природно-математички факултет – група физика,

специјализација по медицинска нуклеарна физика на Медицинскиот факултет во Скопје, магистратура и докторат на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во областа на *физичките науки.*

Имајќи го предвид досега изнесеното, како и одредбите во член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип (Универзитетски гласник бр.12), може да се заклучи дека кандидатката д-р Зденка Стојановска ги исполнува условите за избор во насловно звање според конкурсот распишан од Наставно-научниот совет на Воената академија. Рецензентската комисија смета дека магистерскиот труд и докторската дисертација се тесно поврзани со наставните содржини од предметите за кои конкурира кандидатката, што ја прави подобна во однос на конкурсните услови.

**2. М-р сци. Бранко Каровски, потполковник**

**I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатот м-р сци. Бранко Каровски е роден на 25.12.1957 година. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Студиите ги запишал 1976 година на Медицинскиот факултет во Скопје и истите ги завршил 1982 година. Во 1993 година завршува специјализација од областа на хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје, а потоа, во 2010 година го одбранил својот магистерски труд на Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнал со академско звање *магистер на медицински науки*.

Својата професионална кариера ја започнал во 1984 година како поручник во Воената болница во Скопје. Две години подоцна е прекомандуван на трупна служба во воената амбуланта во Штип, каде до 1990 година ги извршува сите должности, од доктор во стационарот, преку началник на службата за медицинска помош, до управник на воената амбуланта и началник на санитетската служба во бригада. Потоа:

- во 1990 година добива прекоманда во Воената болница во Скопје;
- во 1993 година, по завршувањето на специјализацијата, е поставен за началник на Одсекот по Хигиена на Хигиенско-хемиското одделение во тогашниот Завод за превентивно медицинска заштита при Воената болница во Скопје;
- од 1996 година до денес ја извршува должноста началник на Хигиенско-хемиско одделение при Институтот за превентивна медицина (сега Одделение за хигиена при Оддел за превентивна здравствена заштита) во Воено медицинскиот центар во Скопје.

За остварените резултати во процесот на борбената обука и воспитување и придонесот во изградбата и развојот на Армијата на Република Македонија, на кандидатот му се доделени две пофалници (во 1995 и 2011 година) од Началникот на Генералштабот на АРМ, а во 1998 година и од Лекарското друштво на Македонија, за придонес и ангажирање во работата на ова друштво.

## II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Бранко Каровски ги наведува следните активности на ова подрачје:

- во 1996 година е избран а асистент по *Хигиена со медицина на трудот* на Медицинскиот факултет во Скопје;
- во 2000 и 2003 година е реизбран за асистент по *Хигиена со медицина на трудот* на истиот факултет.

## III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од приложената документација се гледа дека м-р Бранко Каровски е активен учесник на многу состаноци, семинари, симпозиуми, конгреси и предавања од областа на превентивната медицина и здравствената екологија, како дома така и во странство. Покрај тоа, евидентно е и дека во неколку наврати учествувал во организирањето и изведувањето на заедничките семинари и воени вежби со единиците на НАТО, од областа на Воената хигиена и здравствената екологија. Стручно соработува со Воената академија на полето на едукација на воено-медицинските кадри.

Во делокругот на научно-истражувачката работа, до сега кандидатот има објавено вкупно два труда во домашно списание, 13 трудови во зборници на симпозиуми, конференции и конгреси и магистерски труд:

**<u>Трудови објавени во домашни и странски списанија</u>**

1. <u>Каровски Б.,</u> Атанасовски А., Хаџи-Наумов Ј., Ангелевски А., **Влијанието на Мариовската клисура и Тиквешкото езеро врз степенот на пречистувањето на водата на Река Црна,** *Билтен на Македонско фармацевтско друштво, год. 41 бр. 1-2,* Скопје, 1995;
2. Ивановска П., <u>Каровски Б.,</u> Атанасовски А., **Сезонско-туристичко влијание врз санитарната состојба на водата од Дојранското езеро**, *Билтен на Македонско фармацевтско друштво, год. 41 бр. 1-2,* Скопје, 1995;

**<u>Трудови и апстракти објавени во зборници</u>**

3. <u>Каровски Б.,</u> Атанасовски А., Хаџи-Наумов Ј., Ангелевски А., **Санитарно-еколошки товар на Река Црна во периодот 1986-1991 година како основ за нејзина натамошна примена,** *14 Конгрес на лекарите на Р. Македонија,* Охрид, 1995;

4. <u>Каровски Б.,</u> Атанасовски А., Ангелевски А., Костадиновски Љ., **Влијанието на комуналните отпадни води од градот Велес врз степенот на бактериолошката загаденост на водите на р. Вардар, во периодот 1986-1995 година,** *Прв микробиолошки конгрес на Р. Македонија,* Охрид, 1997;

5. Каровски Б., Тодоровска Н., Атанасовски А., Ангелевски А., **Органско и бактериолошко загадување на водите од Охридското езеро кај мерното место Градска плажа, во периодот 1976-1995,** *Прв конгрес на еколози на Р. Македонија,* Охрид, 1998;

6. Тодоровска Н., Каровски Б., Атанасовски А., **Загаденост на водите од Охридското езеро-градска плажа, со тешки метали, во периодот 1976-1995 година,** *Прв конгрес на еколози на Р. Македонија,* Охрид, 1998;

7. Каровски Б., Атанасовски А., Ивановска П., Хаџи-Наумов Ј., **Ухранетост, развиеност и физичка способност на една категорија млади луѓе на возраст од 18-20 години, пред и после изведување на шестомесечна интензивна физичка обука,** *Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија,* Охрид, 1998;

8. Костадиновски Љ., Каровски Б., Атанасовски А., Колевска Л., Кочубовски М., **Квалитетот на исхраната на еден средношколски дом во Скопје,** *Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија,* Охрид, 1998;

9. Каровски Б., Јанкова С., Ангелевски А., Тодоровска Н., Костадиновски Љ., Секуловска Г., Спасовска Л., **Здравствена безбедност на храната, приоритет за добро здравје и полна психофизичка кондиција на припадниците на Армијата на Р. Македонија,** *Втор Когрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија,* Охрид, 2002.

10. Костадиновски Љ., Каровски Б., Младеновска И., **Евалуација на санитарно-хигиенската состојба на сместувањето и водоснабдувањето од мали водоснабдителни објекти во 2001 година,** *Втор Когрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија,* Охрид, 2002.

11. Кочовски С., Каровски Б., Глигоров И., **Здравствена исправност-хранлива и биолошка вредност и микробиолошка исправност и енергетска вредност на борбените оброци на припадниците на АРМ,** *Втор Когрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија,* Охрид, 2002.

12. Каровски Б., Фиљански П., Шоповски Е**., Дефинирање на здравствено еколошките ризици за безбедно користење на пречистуваните комунални и нетоксични индустриски отпадни води во земјоделието и аквакултурата, од постојната станица за пречистување "Враниште" во Охрид,** *Интернационален работен состанок од областа на здравствената екологија и јавното здравство, Балканската еколошка асоцијација,* Битола, 2003;

13. Каровски Б., Тодоровска Н., Секуловска Г., **Исхрана на регрутите, важен предуслов за добра психофизичка кондиција,** *Трет конгрес на лекари од превентивна медицина,* Охрид, 2006.

14. Каровски Б., Шоповски Е., Ангелевски А., Филјански П., **Безбедно користење на пречистуваните отпадни води од пречистителната станица Враништа во Охрид, за наводнување во земјоделието,** *Трет конгрес на микробиолози на Македонија,* Охрид, 2006;

15. Каровски Б., Костадиновски Љ., Секуловска Г., Тодоровска Н., **Исхрана на единици со посебна намена, како ризик фактор,** *Конгрес на лекари на Македонија,* Охрид, 2007;

16. <u>Каровски Б.,</u> **Дефинирање и управување со здравствено еколошките ризици во третманот на урбаните отпадни води и нивна безбедна примена за наводнување во земјоделието во Р. Македонија,** магистерски труд, 2010.

### ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| ед. број | Наставно-образовна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| | | формула | формула | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Вежби | 2x0,2x8 | | 3,2 |
| **ВКУПНО** | | | | **3,2** |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 2x3 | | 6 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | 13x1 | | 13 |
| 3 | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| **ВКУПНО** | | | | **23** |
| **ВКУПНО** | | | | **26,2** |

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на податоците за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на м-р сци. Бранко Каровски, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот има завршено Медицински факултет, специјализација во областа хигиена и постдипломски студии – магистратура од областа на медицинските науки.

Имајќи го предвид досега изнесеното, како и одредбите во член 37 од Законот за Воената академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/09) и во Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Воената академија бр. 07-221/1 од 22.02.2012 година, може да се заклучи дека кандидатот м-р сци. Бранко Каровски, потполковник ги исполнува условите за избор според конкурсот распишан од Наставно-научниот совет на Воената академија. Рецензентската комисија смета дека специјализацијата и магистерскиот труд од областа на медицинските науки се поврзани со наставните содржини од областа за која конкурира кандидатот, што го прави подобен во однос на конкурсните услови.

## IV ПРЕДЛОГ

По исцрпното согледување на целокупната активност на двата кандидати коишто ги исполнуваат конкурсните услови, а земајќи ги предвид специфичните предметни содржини и условите во кои е предвидена нивната реализација, Рецензентската комисија одлучи да ѝ даде предност на кандидатката д-р Зденка Стојановска.

Затоа, со голема чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Воената академија, кандидтката д-р Зденка Стојановска да ја избере за наставник, во звањето **насловен доцент** во научното подрачје: *техничко-технолошки науки,* научно поле: *воено-технички науки,* во областа на воени и воено-специјалистички предмети: *детекција и дозиметрија на радиоактивно зрачење.*

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**д-р Јован Наумоски, ред. проф. с.р.**

**полковник**
**д-р Росе Смилески, ред. проф. с.р.**
Воена академија, Скопје,

**потполковник**
**д-р Орце Поповски, вон. проф. с.р.**
Воена академија, Скопје,

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ - ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: ОДБРАНА, НАУЧНА ОБЛАСТ: ЦИВИЛНА ЗАШТИТА, ПО ПРЕДМЕТОТ: ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ, РАСТЕНИЈА И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕН

Врз основа на член 132 став 1-5 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр. 38/08 103/08 и 26/09) и Законот за Воена академија („Службен весник на РМ“ бр.83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“-Скопје, со Одлука бр. 03-18/213, на својата седница одржана на 05.07.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во насловно звање во научно подрачје – општествени науки, научно поле: одбрана, научна област: цивилна заштита, по предметот: заштита и спасување на животни, растенија и материјални добра и асанација на терен.

На конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 22.06.2012 година, се пријавија двајца кандидати и тоа:

1. **д-р Жанет Ристоска**
2. **д-р Тони Петрески**

Врз основа на конкурсните услови и поднесените документи на кандидатите, Резензентската комисија го поднесува следниот

## *И З В Е Ш Т А Ј*

### 1. д-р Жанет Ристоска

***Биографски податоци***

Родена е на 16. 09. 1964 во Загреб, Република Хрватска, државјанка на РМ, по националност Македонка. Средно образование со одличен успех има завршено во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје во 1982 г. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје во 1990 на Катедрата за општа и компаративна книжевност.

Магистерската тема со наслов ***„Местото и улогата на специјалните единици во современите системи за национална безбедност со посебен осврт на специјалните единици на Република Македонија“*** ја има одбрането на 27. 05. 2005 на

Институтот за одбранбени и мировни студии, Филозофски факултет-Сопје. Просечен успех на магистерските студии 9,14.

На 07. 07. 2011 година ја одбранила докторската теза на Факултетот за безбедност на Универзитетот „Св Климент Охридски“-Битола, на тема ***„Тактичко-методските аспекти на дејствувањето на воените и полициските антитерористички единици на Република Македонија на територијата на државата и во мисиите во странство во периодот 1995-2005 година“*** и се здобила со титула доктор на науки од областа на безбедноста.

Во 1998 г. има положено лекторски испит пред испитна Комисија од Министерството за култура и може да врши лекторска дејност. Англискиот јазик го има слушано и полагано на додипломските студии на три студиски години(6 семестри). Има завршено и два семестра од курс по шпански јазик, сите курсеви за компјутери организирани во рамките на МО.

**Работно искуство:** Од 1989 до 1991, работела како наставник по македонски јазик во основното училиште „19–ти Март“ во село Групчин, Тетовско. Од 1992 г. е вработена во АРМ на РМ во Одделението за издавачка дејност, ВП 2803, каде работи како лектор и учествува во издавањето на сите поважни закони и правила поврзани со одбраната од тоа време (Закон за одбрана, Закон за служба во Армијата, Уредби за ЦЗ и др.)

Во Секторот за военоиздавачка дејност работела како лектор-редактор, а со трансформирањето на Секторот во Одделение за продукција вршела должност на местото уредник за други публикации и списанија. Од 2006 до 2008 била вршител на должност Раководител на Одделението за односи со јавноста на МО на РМ.

Моментално е вработена во Министерството за одбрана, во Секторот за комуникации, аналитика и продукција како новинар-уредник.

Кандидатката остварила учество на меѓународни и домашни конференции, семинари и трибини, меѓу кои:

- **„Конференција на одбраната на РМ“**, Министерство за одбрана, Охрид,1996 година; (сопствено излагање)
- Меѓународна работилница ***„Кризни менаџмент у земљама Региона“***;- НАТО-Еуроатлантски савјет Републике Хрватске, летно школо во Дубровник 2006;
- Меѓународна конференција ***Crisis management in the Southeast Europe,*** ‚Љубљана, Република Словенија, 2007.
- Работилница ***„Комуникациски вештини и медиа тренинг“***;Министерство за одбрана, Скопје 2007
- Меѓународна НАТО работилница ***„Women-experts combating terrorism„ (сопствено излагање)***, Сараево 2008;
- Меѓународна конференција***„Улогата на Парламентот во работата на разузнавачките служби“***, организиран од страна на Собранието на Република Македонија во октомври 2007 година во Скопје;

- Меѓународна конференција *„**Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија,***** одржана во Охрид на 17 и 18 септември 2010; (сопствено излагање);
- Меѓународна конференција ***„Балканот низ призмата на геополитиката и безбедносните закани“***, одржана на 1 и 2 октомври 2010 во Охрид; (сопствено излагање);
- Меѓународна конференција ***„Создавање визија и стандарди-улогата на високото образование во унапредувањето на меѓукултурниот дијалог и разбирањето на мултиетничкото општество“,*** Филозофски факултет, Скопје, март 2011;
- Меѓународна конференција ***„Безбедноста на постконфликтниот Западен Балкан, транзицијата и предизвиците за Република Македонија“***, одржана во Охрид, мај 2011 (сопствено излагање);
- Меѓународна конференција ***„Безбедноста и евроатлантските перспективи на Балканот“***, одржана во Охрид во мај 2012, (сопствено излагање);
- **CMER SEE Workshop & TTX „Coordination-Response“,** Скопје 16-17 мај 2012.

**Во списокот на објавени научно-стручни и друг вид трудови, наведени се следните наслови:**

***Научно-стручни рецензирани трудови:***

1. Улогата на воената дипломатија во Република Македонија, Зборник на трудови од научна конференција, Министерство за одбрана, 1996;

2. Специјалните единици на Република Македонија, „Современа македонска одбрана бр 7, МО, 1998;

3. Промените во системот за национална безбедност и одбрана на Република Македонија како резултата на новиот вид безбедносни закани, Современа македонска одбрана бр 12, МО, 2006;

4. Организација на ефикасни специјални сили во согласност со доктрината за справување со современите безбедносни закани, Современа македонска одбрана бр.13, МО, 2006;

5. Интегриран систем за управување со кризи како релевантен одговор на новите видови безбедносни закани и ризици, списание „Управување со кризи“ бр 1, ЦУК, Скопје,2006;

6. Исполнувањето на комуникациската стратегија за информирање на јавноста како неминовен дел од исполнувањето на побарувањата за зачленување во НАТО, публикација „Република Македонија помеѓу Самитот во Рига и зачленувањето во НАТО,Министерство за одбрана, 2007;

7. Структурните промени и реформите во рамките на специјалните единици на РМ како неминовен дел од трансформациите на безбедносниот сектор за приближување до колективното членство, учеството во мировните мисии и ефикасно справување со

новиот вид безбедносни закани, Зборник на научни трудови, Конференција: „Безбедност, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија, Факултет за безбедност, Скопје,2010;

8. „Старо-нови безбедносни закани за Балканот“ Зборник на трудови од меѓународната конференција „Балканот низ призмата на геополитиката и безбедносните закани“, Филозофски факултет, Скопје, 2011;

9. The relations between mass-media and new kind of security threats“, Зборник на трудови од меѓународната конференција „Безбедноста на постконфликтниот Западен Балкан, транзицијата и предизвиците за Република Македонија“, Факултет за безбедност, Скопје, 2011.

10. Третманот на тероризмот во рамките на современите безбедносни стратегии, Современа македонска одбрана бр.22,МО, 2011;

11. Унапредување на обуката на декларираните единици битен елемент на процесот на планираето на современите операции, Зборник на трудови од Конференцијата „MILCON’12, елекронско издание на МО, мај 2012.

***Статии во научни и популарни списанија:***

1. „Тероризмот версус медиумите“, списание „Штит“ бр. 3 ,МО, 2010.
2. Приказ на книгата „Кризен менаџмент“ од проф. д-р Марина Митревска, Современа македонска одбрана бр 11, МО, 2005;
3. Приказ на книгата „Менаџирање на ризици“ од проф. д-р Лидија Георгиева, Современа македонска одбрана бр.14, МО, 2006;
4. Приказ кон книгата „Политички систем“ на проф. д-р Билјана Ванковска, Современа македонска одбрана бр.15, МО, 2007;
5. Приказ кон книгата „АРМ кон НАТО-концептуален приказ и организациски развој“ од проф. д-р Зоран Нацев и м-р Димче Петровски, бригаден генерал, Современа македонска одбрана бр. 18, МО, 2009;
6. Приказ на книгата „Кризите во независна Република Македонија“ од проф. д-р Трајан Гоцевски, Современа македонска одбрана бр 20, МО, 2010;
7. Приказ на симулациско-нагледната вежба „Далга 2012“, списание „Штит“, мај 2012.

Во својата професилонална кариера, Жанет Ристоска врши и други активности, како:

- Член е на Уредувачкиот одбор на стручно-теоретското списание „Современа македонска одбрана“, коешто го издава Министерството за одбрана на РМ;
- Член е на Издавачкиот совет на стручно-теоретското списание „Современа македонска одбрана“;
- Била уредник на повеќе публикации во издание на Министерството за одбрана, меѓу кои: „Македонија во НАТО“, македонска и англиска верзија, МО, 2003; „Кризниот менаџмент во Република Македонија“, македонска и англиска верзија, МО, 2005; „Словенија во изменета безбедносна средина“ превод и адаптација на книгата на проф. д-р Антон Гризолд, МО, 2006; „Република Македонија помеѓу Самитот во Рига и зачленувањето во НАТО,

македоска и англиска верзија, МО, 2007; „MILCON12“ - Зборник на трудови од научна конференција;

- Била ангажирана како лектор во голем број книги и научни трудови, најчесто со проблематика од безбедносната сфера;
- Учесник (уредник) во Проект на Владата на РМ „100 дела на македонската книжевност“, Министерство за култура, 2008;
- Член на Организациониот одбор на Конференцијата „MILCON12“, МАЈ 2012.

## 2. д-р ТОНИ ПЕТРЕСКИ

***Биографски податоци:***

Кандидатот м-р Тони Петрески е роден 1968 година во Прилеп, Република Македонија. Дипломирал на Филозофскиот факултет Институтот за одбранбени и мировни студии, на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје. Магистерската тема со наслов *„Улогата на оипштата и еоената дипломатија ео зачленуеање на Република Македонија ео НАТО и ЕУ"* ја одбранил на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет во Скопје во 2008 година и се здобил со научен степен магистер на одбрана. Докторирал на тема *„Основи на надворешно-политичката и дипломатско - безбедносната стратегија на Република Македонија",* во 2012 година на Институтот за одбранбени и мировни студии, на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

Работи како советник за воена евиденција и пополнување со резервен состав во Прилеп. Има познавање на англискиот и српскиот јазик и солидни компјутерски способности и компетенции. Од 2004 година именуван е за Командант на Подрачниот штаб за цивилна заштита на Прилеп и Координатор на регионалното оперативно тело за заштита на шумите и другите отворени простори од пожари, за регионот Прилеп. Завршил стручно оспособување за млади раководители, како и школа за висока јавна администрација.

***Список на објаеени трудови:***

1. Улогата на воената дипломатија во зачленување на РМ во НАТО, Современа Македонска одбрана, бр.21, Министерство за одбрана, 2011.

### ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ

| ед. бр. | Научно-истражувачка дејност | поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2 | Одбранет докторски труд | 8 | | 8 |
| | Статија во научно-стручно | 1x2 | | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | списание | | | |
| | **Вкупно** | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | **14** |

## *ЗАКЛУЧОК*

Врз основа на остварениот увид во изнесените биографски податоци, приложената документација и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, за кандидатите, за наставник во насловно звање во научно подрачје – општествени науки, научно поле: одбрана, научна област: цивилна заштита, по предметот: ***„Заштита и спасување на животни, растенија и материјални добра и асанација на терен“***, комисијата едногласно заклучи дека ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува конкурсните услови.

Комисијата утврди дека кандидатката д-р Жанет Ристоска е доктор на науки од областа на безбедноста, што не е соодветно на условите од конкурсот. Наедно, констатирано е дека не се приложени по еден примерок од научните и стручни трудови, наведени во извештајот, за што не можеше да се изготви табела на поени, потребна како услов за избор во наставник.

Во однос на кандидатот д-р Тони Петрески, комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, најде дека бројот на поени кој би можел да се земе предвид при рангирањето на кандидатот е 14, што е недоволно за разгледување и рангирање, согласно конкурсот за наставник по предметот „*Заштита и спасување на животни, растенија и материјални добра и асанација на терен*“, за што се потребни минимум 75 поена.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Д-р Методија Дојчиновски, доцент, полковник, Воена академија с.р.

2. Д-р Драге Петрески, вонр.проф. полковник,

Воена академија, с.р.

3. Д-р Александар Главинов, доцент, потполковник,

Воена академија, с.р.